Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) како и врз основа на член 30 од Законот за основно образование (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14 и 116/14) министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по музичко образование за VIII одделение на деветгодишното основно образование за учениците со **оштетен вид** во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта.

**АДАПТИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ОШТЕТЕН ВИД**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

VIII ОДДЕЛЕНИЕ

**ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

**Скопје, 2014**

## 1. ВОВЕД

Музиката е исклучително важен дел на човековата култура и живот и затоа таа има свое значајно место во воспитанието и образованието.

Целта на наставата по музичко образование во третиот период на основното образование (VII–IX одделение) е учениците да ги применуваат и да ги прошируваат знаењата и да стекнуваат нови знаења од областа на музиката и музичкото изразување. Музичкото образование ги оспособува учениците да станат активни корисници и чинители на музичката култура како во училиштето, така и во секојдневниот живот.

Заедно со ликовното образование и со другите содржини присутни во одредени предмети (на пример, во мајчиниот и странскиот јазик), музичкото образование влијае врз облагородување на учениците, развојот на нивните естетски чувства, способноста за разбирање и доживување на музичката уметност и им се овозможува постепено да се вклучуваат и да учествуваат во музичкиот живот во својата околина.

Изучувањето на музиката влијае врз поттикнувањето позитивни емоции, креативноста, самостојноста, тимската работа и одговорноста. Музичкото образование дава значаен придонес во развојот на учениците, во стекнувањето култура на однесувањето, како и во поттикнувањето на музичкото изразување.

Наставниот предмет е задолжителен и се изучува со фонд од 1 час неделно, односно 36 часа годишно.

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО VIII ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да усвои нови песни со разновидна мелодиска линија, различни по карактер и содржина по слух и по ноти;
- да разликува рамноделни и нерамноделни тактови по слух;
- да развива способност за целосно слушање на музичко дело;
- да ги воочува, препознава и разликува различните видови музички дела;
- да препознава и да именува слушани дела (композитор и наслов);
- да стекнува сознанија за животот и творештвото на одредени композитори;
- да ги продлабочува знаењата за дурските и молските скали на Брајова азбука или видно во зависност од оштетувањето на видот;
- да ги проширува знаењата на музичката терминологија и музичката писменост, правилно и точно да ги употребува Брајовото писмо во функција на пишување на музички симболи;
- да ги препознава и именува видовите пејачки гласови и хорови;
- да ги продлабочува знаењата на елементите и карактеристиките на народното музичко творештво.

## 3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| 1. ВОКАЛНА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА (8 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>- да го развива опсегот на гласот;<br>- да применува правилна вокална интерпретација;<br>- да се оспособува за групно пеење;<br>- да развива чувство за ритам и да идентификува определен ритам;<br>- да пее песна по ноти со соодветни елементи од музичката писменост. | Пеење:<br>уметнички, забавни, народни песни со соодветна содржина и тонски обем<br><br>Пеење по ноти:<br>- песни со соодветни елементи од музичката писменост | | - Пеење уметнички, забавни, народни песни (5/8 такт), со соодветна содржина и тонски обем според постапката на обработка на песна.<br><br>Напомена: Наставникот треба да внимава опсегот на песните да одговара на гласовните можности на учениците.<br><br>- Пеење по ноти на песни со соодветни елементи од музичката писменост според постапката на обработка на песна по ноти.<br><br>За слабовидните ученици песните треба да бидат напишани со зголемен и затемнет фонт на буквите, додека за слепите ученици да бидат подготвени и испечатени на Брајово писмо. |

| 2. МУЗИЧКА ПИСМЕНОСТ (8 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>- да го разбере проширувањето на опсегот на тоновите;<br><br>- да ги препознава и применува тонот ми2, фа2, сол2 ;<br><br>- да го сфати начинот на добивање на Г- дур скала;<br><br>- да ја препознава и применува Г- дур скала;<br><br>- да го разбере добивањето на трите вида на е-молл скалата;<br><br>- да ги разликува трите видови на е-молл скалата;<br><br>- да препознава и применува шеснаестина нота и пауза;<br><br>- да го усвои поимот нерамноделен такт;<br><br>- да го открива 5/8 нерамноделен такт;<br><br>-да ги користи правилно и точно Брајовите симболи при пишување на музичките знаци и ноти; | Проширување на опсегот на тоновите<br><br>- Положбата на тонот ми 2, фа2, сол 2 на петолиние (нота)<br><br>- Дурски тонски скали со диез (повишувалка) Г- дур скала;<br><br>- е-молл скала (трите видови)<br>-Шеснаестина нота и пауза<br><br>- Нерамноделен 5/8 такт | - Положбата на тонот на петолиние (нота)<br><br>- ми 2, фа 2, сол 2<br><br>-Г-дур<br><br>- е-молл скала<br><br>- природен вид<br><br>- хармонски вид на мол<br><br>– ре диез (дис)<br>- мелодиски вид на мол (цис)<br><br>- до диез<br><br>- шеснаестина нота и пауза;<br>5/8 такт | -Вежби за запишување на Брајово писмо, визуелно и/или тактилно препознавање на тоновите ми2, фа2, сол2.<br><br>-Вежби во Г-дур скала со нејзините елементи (именување на тоновите, воочување на степени и полустепени, одредување и именување на стапалата и др.).<br><br>- Пеење вежби во Г-дур скалата.<br><br>-Откривање на е-молл скала (природен, хармонски и мелодиски вид).<br><br>-Пеење вежби во **е-молл** скала (природен, хармонски и мелодиски вид).<br><br>-Откриваење по тактилен пат на шеснаестини ноти и паузи преку графикони или вежби подготвени на Брајово писмо.<br><br>-Вежби за препознавање на шеснаестина нота и паузи.<br><br>-Ритмички и мелодиски вежби со шеснаестина нота и пауза.<br><br>-Откривање 5/8 такт преку ритмички и мелодиски вежби.<br><br>-Воочување на 5/8 такт преку слушање, пеење или играње на примери од музичкиот фолклор. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да знае тактилно да ги препознава музичките знаци и ноти напишани на Брајово писмо. | | | |

| 3. СЛУШАЊЕ МУЗИКА (10 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>- да се потикнува да слуша музичко дело;<br><br>- да препознава и разликува разни видови музички дела (вокални, инструментални, вокално-инструментални музички дела од домашни и странски автори);<br><br>-да се запознае со животот и творештвото на домашни и странски композитори (преку музички дела посочени за слушање);<br><br>- да ги воочува и именува музичките изразни елементи во слушаните дела (темпо, динамика, карактер, фолклорни елементи). | -Вокални, инструментални, вокално-инструментални музички дела од домашни и странски автори | -Биографија<br><br>-Творештво<br><br>-Симфонија<br><br>- Менует | -Слушање вокални, инструментални, вокално-инструментални музички дела од домашни и странски автори по избор на наставникот со воочување на: темпо, динамика, фолклорни елементи и др.<br>- Запознавање со биографијата и творештвото на композиторот преку: слики, текст на Брајова азбука и др. |

| 4. ВОКАЛНА МУЗИКА (8 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Методи и активности** |
| Ученикот/ученичката:<br>- да ја усвои поделбата на видови пејачки гласови;<br><br>- да ги разликува, именува пејачките гласови (детски, женски, машки);<br><br>-да ги разликува, препознава и именува вокалните ансамбли според видовите пејачки гласови;<br><br>- да слуша композиции со вокални ансамбли. | Видови пејачки гласови: детски, женски и машки<br><br>- Вокални ансамбли:<br><br>- детски хор<br>- женски хор<br>- машки хор<br>- мешан хор | Детски гласови<br>-I , II и III глас<br><br>-Женски гласови:<br>- сопран<br>- мецосопран<br>- алт<br><br>- Машки гласови:<br>- тенор<br>- баритон<br>- бас<br><br>Вокални ансамбли:<br>- детски хор<br>- женски хор<br>- машки хор<br>- мешан хор | Запознавање со видовите пејачки гласови преку аудио демонстрација на соодветни примери;<br>- слушање на детски, женски и машки гласови (без именување на одделните видови гласови).<br><br>- **Слушање детски хор** по избор на наставникот со воочување на детски гласови ( I , II и III глас) карактер и други изразни елементи.<br><br>- **Слушање женски хор** по избор на наставникот со воочување и препознавање на женски гласови (сопран, мецосопран, алт) карактер и други изразни елементи.<br><br>- **Слушање машки хор** по избор на наставникот со воочување на машки гласови ( тенор, баритон, бас), карактер и други изразни елементи во самите композиции.<br><br>- Слушање мешан хор по избор на наставникот со воочување вокален ансамбл, фолклорни елементи, карактер и изразни елементи. |

| 5. МУЗИЧКИ ФОРМИ (2 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Методи и активности** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да го усвои поимот музичка реченица преку споредба со литературниот текст;<br><br>-да го разбере поимот период;<br><br>-да ја препознава I-та реченица како прашање и II - та реченица како одговор;<br><br>-да воочи поврзаноста на на I-та и II реченица како една целина. | Музичка реченица<br><br>Период | Музичка реченица<br><br>Период | Повторување за мотив и фраза преку песната ,,Зима”. Изразно читање на литературниот текст изпечатен на Брајово писмо за слепите ученици или зголемен и затемнет фонт за слабовидните ученици на песната ,,Зима” со јасна дикција и динамичко нијансирање.<br><br>Текстот на песната испечатен на Брајово писмо за слепите ученици или зголемен и затемнет фонт за слабовидните ученици:„Зима, зима снегот снежи, студот стега секој бега“ (8 такта).<br><br>**I активност:** слушање и доживување на првата реченица (прашање) и втората реченица (одговор) преку демонстрација на наставникот.<br>-Зима, зима снегот снежи (I реченица).<br>студот стега секој бега (II реченица).<br><br>**II активност:** пеење во групи<br>Првата група претставува прва реченица (прашање),<br>втората група претставува втората реченица. Воочување и препознавање на реченици во песната, како и препознавање на период. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **III активност:** Наставникот ја пее песната на неутрален слог. На крајот од првата реченица прва група ученици крева апликации со прашалници кои тактилно може да се перцепираат изработени на сњелл тоуцх машина., а на крајот од втората реченица втората група апликации со точка кои тактилно може да се перципираат изработени на swell touch машина. |

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставните содржини по предметот музичко образование во VIII одделение на деветгодишното основно образование даваат можност да се реализираат интегрирано со содржините од други наставните програми. Исто така, се дава можност меѓусебно интегрирано планирање на сите теми во согласност на потребите на учениците и планираните активности. При планирањето на програмските теми и содржини акцентот е ставен на наставната тема *Слушање музика* за која е посочен и најголемиот број на наставни часови. Наставникот ги поттикнува учениците да посетат музички образовни институции, концерти на Македонската филхармонија и др.

При реализирањето на содржините наставникот треба да го поттикнува индивидуалното музичко изразување на секој ученик/ученичката, да стимулира дискусии и размени на мислење, искажувања на сопствени ставови и почитување на ставовите на другите.

Годишен фонд на часови

| | ТЕМИ | Број на часови |
|---|---|---|
| 1. | Вокална интерпретација | 8 часа |
| 2. | Музичка писменост | 8 часа |
| 3. | Слушање музика | 10 часа |
| 4. | Вокална музика | 8 часа |
| 5. | Музички форми | 2 часа |
| Вкупно: | | 36 часа |

Забелешка: Бројот на часовите е даден ориентационо.

Долгогодишната пракса покажува дека учениците со оштетен вид пројавуваат посебен интерес кон предметот музичко образование и генерално кон пеењето и свирењето, затоа наставникот треба оваа љубов кон музиката уште повеќе да ја поттикнува и развива.

Наставникот по музичко образование потребно е текстовите од песните што се обработуваат да ги изготвува на Брајово писмо или со зголемен фонд за учениците кои се слабовидни.

За учениците од седмо одделение потребно е уште подлабоко да навлезат во користењето на музичките инструменти, на почетокот со поедноставни, а потоа и со посложените. Тотално слепиот ученик преку Брајовото писмо да ги усвојува нотите. Важно е усвојувањето на истите да биде на првилен и точен начин.

Наставникот во соработка со родителите да ги носи учениците на различни музички случувања, да ги поттикнува учениците да учествуваат на претстави во училиштето и надвор од него, на случување кои имаат натпреварувачки дух со што ќе се јакне и поттикнува нивната самодоверба.

За оние ученици кои покрај оштетувањето на видот имаат и одредени други проблем поради кои се оневозможени целосно да одговорат на задачите и целите поставени во ова програма, потребно е наставникот да ги редуцира содржините, истите соодветно да ги дозира според потребите и можностите на ученикот и на истиот индивидуално да му пристапи.

- **Наставни средства:**
  - аудио-визуелни средства (ТВ, ДВД- плеер, видеоплеер, компјутер);
  - детски музички инструменти;
  - дидактички средства и материјали;
  - визуелни средства (слики, фотографии, апликации и сл.);
  - Интернет, образовни софтвери.

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за музичко изразување, ангажираноста на учениците, посветеноста во работата, како и тимската работа (бројчано оценување). При следењето на постигањата на учениците, наставникот треба особено да внимава на индивидуалниот пристап во постигањата на секое дете.

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука со Решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во VIII одделение во деветгодишното основно образование може да ја изведува лице кое завршило:

- факултет за музичка уметност – оддел за музичка теорија и педагогија со дополнителна дефектолошка доообразба;

- факултет за музичка уметност – други оддели со стекната педагошко-методска доквалификација на ФМУ со дополнителна дефектолошка дообразба.

**Потпис и датум на утврдување на наставната програма**

Адаптираната наставната програма по музичко образование за VIII одделение на деветгодишното основно образование за учениците со **оштетен вид** во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта, врз основа на утврдената соодветна Наставна програма за деветгодишно основно образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

Бр.11-15640/1
30.09.2014 година

Министер

__________________________

Abdilaqim Ademi

Изготвил: работна група, координатор м-р Анкица Витанова
Контролирал: Трајче Ѓорѓиевски, раководител на одделнение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор